


## Стипендија Питер Гросман со вклучена програма за практикантска работа во Аптив Сервисес Македонија

**APTIV** е еден од најголемите добавувачи во автомобилската индустрија, што испорачува напредни електрични, електронски и безбедносни решенија за производителите на возила ширум светот. Во 2016 година **APTIV** ја отвори својата прва локација во Македонија, во Скопје - Технолошко индустриско развојна зона, Бунарџик како дел од ADVANCED SAFETY & USER EXPERIENCE бизнис сегментот. Од своите почетоци **APTIV** е партнер со студентите, нудејќи им можност за развој на нивните вештини и знаења и напредок во кариерата. Студенти од Техничките факултети успешно ја завршија програмата, а дел од нив и се вработија во нашата компанија. Бидете и Вие дел од ова искуство.

### За кого е наменета стипендијата?

- Студентите од 3-та и 4-та година на Факултетот за електротехника и информациски технологии и од Машинскиот факултет

### Ги очекуваме кандидатите кои:

- Го владеат Англискиот јазик и MS Office пакетот
- Се проактивни и самоиницијативни, поседуваат организациски и комуникациски вештини
- Се стремат кон постигнување тимски резултати

### Што нуди Аптив:

- Питер Гросман стипендија за период од Јули до Декември, 2019 год, со 1 месец практиканткса работа во рамки на компанијата (практикантската работа може да се зголеми до 3 месеци во зависност од проектот на кој ќе се работи и по барање на студентот)
- Работа на проект заедно со ментор
- Можност за подготовка на дипломски труд
- Запознавање со индустријата и процесите кои се одвиваат во неа
- Динамична работна атмосфера каде може да ги споделите Вашите идеи
- Личен, кариерен и развој на вештини
- Организирана храна и транспорт
- Социјални активности и програми
- Работно време 08.30-16.30

Пријавете се со поднесување на Ваша биографија (CV) на следнава E-mail адреса: **aptiv.hr.macedonia.staffing@aptiv.com** во предмет на меилот наведете “**пракса**”. Само селектираните кандидати ќе бидат повикани на интервју и тестирање. Да дознаете повеќе за Аптив, посетете ја страната aptiv.com

***It’s Your Move.***